ГАЛЕРИЈА СЕЛЕКТ
GALLERY SELECT

СКОПЈЕ, Бул. „ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ" 66/а, тел. 257-119
SKOPJE, Bul. „PARTIZANSKI ODREDI" 66/a, tel. 257-119



# ЗОРАН МАЛИНОВСКИ
# ZORAN MALINOVSKI

Ноември 1991
Noemvri 1991

**ЗОРАН МАЛИНОВСКИ – академски сликар**
Роден 1958 год. во Штип, има завршено Факултет на ликовната уметност во Скопје, во класата на професор Димитар Кондовски. Член е на ДЛУМ.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ**

1986 – Музеј на Македонија – Скопје.
1986 – Дортмунд – СР Германија.
1987 – Студентски град – Белград.
1987 – MYSEYM SHLOSS ЛЕМBECK – СР Германија
1989 – Пробиштип – Дом на културата.
1990 – Белград – Галерија ципела.
1990 – Уметничка галерија Струмица.
1990 – ФЛУ – Скопје.
1991 – Уметничка галерија „Безистен" – Штип
1991 – Дом на култура „Бели мугри" – Кочани
1991 – Галерија „Селект" – Скопје

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ**

1983/84 – II Биенале на Југословенски студентски цртеж во Белград.
1985 – III Биенале на Југословенски студентски цртеж во Белград.
1986 – „ЗАЕДНО" – Сараево
1986 – 80-те години на Македонската ликовна уметност музеј на Македонија – Скопје
1986 – I Југословенска ликовна колонија за млади „ИВАЊИЦА".
1986 – XXIII Меѓународна Струмичка ликовна колонија.
1987 – I Југословенска ликовна колонија за млади „ИВАЊИЦА".
1987 – Геометризмот во Македонската ликовна уметност во музејот на Македонија – Скопје.
1987 – Биенале на млади – Музеј на современата уметност – Скопје.

**НАГРАДИ**

1985 – Награда на III Југословенско Биенале за студентски цртеж – Белград.
1986 – Награда на I Југословенска ликовна колонија на млади „ИВАЊИЦА".
1986 – Награда на ФЛУ – Скопје.
1987 – Откупна награда на НУБ „Климент Охридски" на ДЛУМ-ва изложба на цртеж.

Зоран Малиновски е сликар кој тематски и емотивно му припаѓа на својот роднокрај. Неговите почетоци и формирање се темелат на сигурната традиција но со поглед насочен кон нови ликовни промислувања. Тој во себе ги соединува страста за цртеж, приврзаноста кон мотиви од Штипско и модерните толкувања на предметот. Малиновски е пред се цртач кој со голема прецизност ги обработува деталите на мотиви од село, на листот, пределот, или полжавот. Тој ја открива со филигранска минуциозност нивната мрежеста структура, ги зголемува или пак ги поставува во простор разрешуван во планови, некаде со илузија на тридимензионалност. Во делата на овој уметник нема импровизација, неговата постапка е заснована на конкретни нешта со систематично градење на секој дел од површината. Целиот простор е проткаен со густи сплетови на линии кои ги создаваат светлите и потемни партии, црно—белите или хроматски сооdноси. Таму каде се појавува појак графички елемент на контура, контрастите се ублажени со фини преоди. Малиновски со помош на линијата ја изградува формата, светло—темните ефекти и бојата во своите дела. Тој му е наклонет едновремено на предметот, хиперреалистично обработени но и доживеани податоци од реалноста. Сочуван е интегритетот на предметот, просторот и светлината во него, автентичните белези на бојата, но со стремеж за достигање извесна поетичност на целината. Покрај своето настојување да ја совлада носталгијата Малиновски спроведува постапка на расчленување, всушност вметнување слика во слика, извесно кадрирање кое го поместува контекстот на предметот. Тоа исто така упатува на користење елементи од таканаречениот ,,медиумски концептуализам'' во уметноста. Постепено настојувајќи да го надгради непосредниот визуелен податок сликарот почна да изградува пирамидални форми, самостојно артикулирани или пак во комбинација со други геометриски ликови ја збогатуваше асоцијативната содржина во своите дела. Освен тоа во начинот на третирањето на деловите и целите површини, посебно во контрастите се чувствува изразеноста својствена на фотографијата и другите визуелни медиуми.

Во досегашното творештво на Малиновски можат да се разликуваат и дела во кои се појавува извесна фантастика пред се со вклучувањето необични суштества во некој предел и слично, како и такви во кои доаѓа до израз извесна нота на ангажираност. Всушност интересот на овој автор за природата и актуелната потреба таа да се заштити нужно ја нагласи еколошката содржина во неговите дела. Сите овие компоненти говорат за немирот и различноста на интересирањата на Малиновски чии дела ги препознаваме по строгата фантазија на цртежот, карактеристики кои се проткајуваат низ сите негови теми и истражувања. Во тоа ја согледуваме неговата истрајност и континуитет во создавањето.

Владимир Величковски

ЦРТЕЖИ
ОД ЦИКЛУСОТ „ПРИРОДА"



Издавач:
Галерија „СЕЛЕКТ"
Организатор:
Сузана Нурединоска
Тираж: 300
ЗОП „Нова книга" 1991